# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА | 12.11.2024 ГОДИНА | ПРИМЕРОКОТ Е |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО | Б О С И Л О В О | Б Е С П Л А Т Е Н |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР.50 ГОД.29 | |


## С о д р ж и н а


1.Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Босилово за 2024 година (Ребаланс).

2.Одлука за одобрување на Планот на Програми за развој на општина Босилово за 2024 година.

3. Одлука за одобрување на Планот на Програми за развој на општина Босилово за 2025 година.

4.Одлука за усвојување на иницијативата на општина Ново Село за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ново Село и општина Босилово за вршење на работата од надлежност на општинскиот инспектор за заштита на животната средина на општина Босилово за потребите на општина Ново Село.

5.Решение за избор на претседател и членови на ОСБСП Босилово.

6.Одлука за усвојување на иницијативата за изработка на измени и допонување на Урбанистички план за село Робово,Блок 10-општина Босилово.

7.Одлука за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Босилово.ж

8.Одлука за процена на загрозеност од природни непогоди,епидемии и други несреќи на општина Босилово.

9.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово за донесување на План за заштита и спасување на ЈПКД„Огражден“-Босилово.

10. Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово за процена на загрозеност од природни непогоди,епидемии и други несреќи.

11.Заклучок за усвојување на Извештајот за материјално-финасиското работење на ЈПКД „Огражден“-Босилово за периодот од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.

12.Одлука за доделување на парична награда на полицискиот службеник Кирил Назов кој е прогласен за најуспешен полициски службеник на територијата на општина Босилово за 2024 година.

13.Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Босилово за сезоната 2024-2025 година.

14.Одлука за прифаќање на донација за „Уредување –реконструкција на мултифункционален терен за ракомет,фудбал и кошарка во ООУ „Борис Трајковски“-Моноспитово.

15.Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Стефка Стојчева од с.Сушица како помош за лекување на нејзината ќерка Сара Стојчева,во висина од 20.000 денари.

16.Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Ирена Танчева од с.Бориево бр.26,како помош за лекарски преглед,во износ од 20.000 денари.

17. Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Рената Атанасова од Струмица,ул.„Панче Пешев“ бр.60,како спомзорство за издавање на книга,во износ од 12.000 денари.

18. Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Сократ Пандев од с.турново,бр.147 ,како спомзорство за организација на Сточарска вечер што ќе се одржи на 8 декември 2024 година,во износ од 10.000 денари.

19.Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Петре Ангелов од с.Босилово,бр.81 ,како спомзорство за организација на „Гулабарска вечер“ на ден 12.11.2024 година,во износ од 10.000 денари.

20. Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Измит Шабанов од с.Еднокуќево бр.88,како помош за хируршки зафат во Штип,во износ од 20.000 денари.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2231/1 за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на општина Босилово за 2024 година,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2251/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на општина Босилово за 2024 година (Ребаланс)**

Член 1

Се усвојуваат измените и дополнувањата на Буџетот на општина Босилово за 2024 година (Ребаланс).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2231/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2232/1 за одобрување на Планот на Програми за развој на општина Босилово за 2024 година,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2252/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за буџети (Сл.весник на РМ бр.64/05, 04/08, 103/08 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ 151/21) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на 50-та седницата одржана на ден 12.11.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За одобрување на План на програми за развој на општина Босилово за 2024 година

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Планот на програми за развој на општина Босилово за 2024 година со развојните програми.

Член 2

Планот од член 1 на оваа одлука се состои од следните програми и развојни потпрограми:

-Програма ЈИ – Изградба на системи за одвесување и пречистување на отпадни води, Потпрограма ЈИД – Изградба на фекална канализација во с.Моноспитово (прва фаза) и

-Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови, Потпрограма ЈДД – Изградба на локална улица с.Турново на КП бр.2214/1.

Член 3

*Составен дел на оваа одлука е планот на програмите за развој на општина Босилово за 2024 година со развојните програми. Планот на програмите за развој е составен дел од буџетот на општина Босилово за 2024 година.*

Член 4

Оваа одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2232/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2233/1 за одобрување на Планот на Програми за развој на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2253/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за буџети (Сл.весник на РМ бр.64/05, 04/08, 103/08 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ 151/21) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на 50-та седницата одржана на ден 12.11.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За одобрување на План на програми за развој на општина Босилово за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се одобрува планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година со развојните програми.

Член 2

Планот од член 1 на оваа одлука се состои од следните програми и развојни потпрограми:

-Програма ЈИ – Изградба на системи за одвесување и пречистување на отпадни води, Потпрограма ЈИД – Изградба на фекална канализација во с.Моноспитово (прва фаза) и

-Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови,

Потпрограма ЈДД – Изградба на локална улица с.Турново на КП бр.2214/1.

-Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови, Потпрограма ЈДф – Програма за патишта на општина Босилово за 2025 година.

-Програма ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување
Потпрограма – ЈГА- Изградба на водоснабдителен систем на с.Дрвош- Изградба на доводен цевковод и далековод со трафостаница

Член 3

*Составен дел на оваа одлука е планот на програмите за развој на општина Босилово за 2025 година со развојните програми. Планот на програмите за развој е составен дел од буџетот на општина Босилово за 2025 година.*

Член 4

Оваа одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово."

Бр.2333/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2234/1 за усвојување на иницијативата на општина Ново Село за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ново Село и општина Босилово за вршење на работата од надлежност на општинскиот инспектор за заштита на животна средина на општина Босилово за потребите на општина Ново Село,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2254/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ "бр.5/2002 ) аво врска со член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службне весник на РМ "бр.79/2009) и член 12,став 2 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на иницијативата на општина Ново Село за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ново Село и општина Босилово за вршење на работата од надлежност на општинскиот инспектор за заштита на животната средина на општина Босилово за потребите на општина Ново Село**

Член 1

Се усвојува иницијативата на општина Ново Село за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ново Село и општина Босилово за вршење на работата од надлежност на општинскиот инспектор за заштита на животната средина на општина Босилово за потребите на општина Ново Село.

Член 2

По донесувањето на одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка за надлежноста утврдена во

член 1 од оваа одлука од страна на Советот на општина Босилово се задолжува Градоначалникот на општина Босилово да склучи Договор со Градоначалникот на општина Ново Село ,согласно член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово".

Бр.08-2234/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Решението бр.08-2235/1 за избор на претседател и членови на ОСБСП Босилово ,донесено на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2255/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 372,ства 1 од Законот за безбедност во сообраќајот („Службен весник на РМ" бр.169/15) и член 21,став1 ,точка 42 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За избор на претседател и членови на ОСБСП Босилово**

Член 1

Се избора претседател и членови на ОСБСП –Босилово и тоа:

-Марјан Манев-претседател,дипломиран сообраќаен инженер,инспектор за патен сообраќај во општина Босилово,

-Далибор Стојчев-член,дипломиран сообраќаен инженер,вработен во ДСУ РЦСОО „Никола Карев"-Струмица,како наставник по стручни предмети,

-Живко Митев-член,дипломиран сообраќаен инженер,вработен во СВР Струмица,Одделение за крим.полиција,

-Мирјанка Јанева-член,дипломиран машински инженер,вработена во ООУ „Гоце Делчев"-Босилово,наставник по техничко образование и информатика,

-Кристина Христова-член,дипломиран машински инженер,вработена во ООУ „Кирил и Методиј"-Иловица,наставник по техничко образование и информатика.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово".

Бр.08-2235/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2236/1 за усвојување на иницијативата за изработка на измени и дополна на Урбанистички план за село Робово,блок 10,општина Босилово ,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2256/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на иницијативата за изработка на измена и дополна на Урбанистички план за дел од село Робово,блок 10,општина Босилово**

Член 1

Се усвојува иницијативата за изработка на измена и дополна на Урбанистички план за дел од село Робово,блок 10,општина Босилово.

Член 2

Составен дел од оваа Одлука е графичкиот дел од планскиот опфат кој ќе биде предмет на изработка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2236/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2237/1 за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Босилово,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2257/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи (,,Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 13 став 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ; бр. 36/04, 49/04, 86/06, 124/10 и 18/11) како и Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање за заштитата и спасувањето (Сл. Весник на РМ бр.76/05) и член 72,став 1,алинеја 2 од статутот на општина Босилово („Службен гласник на општина Босилово“бр.21/14)
Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 год. донесе:

О Д Л У К А

За донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Босилово

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Планот за заштита од природни непогоди и други несреќи на општина Босилово.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2237/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2238/1 за процена на загрозеност од природни непогоди,епидемиии и други несреќи,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2258/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи (,,Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), а согласно Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06) и член 15,точка 10 статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на општина Босилово,бр.21/14),Советот на општина Босилово на седницата одржана на 12.11.2024 година,донесе:

О Д Л У К А

За Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи на општина Босилово

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи на општина Босилово – која е дадена во прилог и која е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила од денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2238/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово

(„Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2239/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово ,бр.02-327/1 од 07.11.2024 година за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2259/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово бр.02-327/1 од 07.11.2024 година за донесување на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово бр.02-327/1 од 07.11.2024 година за усвојување на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2239/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2240/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управен Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово ,бр.02-328/1 од 07.11.2024 година за Процена на загрозеност од природни непогоди,епидемии и други несреќи,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2260/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово бр.02-328/1 од 07.11.2024 година за Процена на загрозеност од природни непогоди,епидемии и други несреќи**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово бр.02-328/1 од 07.11.2024 година

за Процената на загрозеност од природни непогоди,епидемии и други несреќи.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2240/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-2241/1 за усвојување на извештајот за материјално-финасискотo работење на ЈПКД „Огражден“-Босилово за периодот од 01.07.2024 до 30.09.2024 година,донесен на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2261/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 31 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.07.2024-30.09.2024 година**

1.Се усвојува Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.07.2024-30.09.2024 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2241/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2242/1 за доделување на парична награда на полицискиот службеник Кирил Назов,кој е прогласен за најуспешен полициски службеник на територијата на општина Босилово за 2023 година,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2262/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

О Д Л У К А

**За доделување на парична награда на Кирил Назов кој епрогласен ана**

**најуспешен полициски службеник на територијата на општина Босилово за 2023 година,во висина од 18.000 денари**

Член 1

Да се додели парична награда на Кирил Назов кој епрогласен ана најуспешен полициски службеник на територијата на општина Босилово за 2023 година,во висина од 18.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово".

Бр.08-2242 /1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2243/1 за зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Босилово за сезоната 2024-2025 година,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2263/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр.5/02) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Босилово (Службен гласник на општина Босилово бр.21/14) Советот на Општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**

за зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Босилово за сезоната 2024/2025

1. Цел на Програмата
2. Општ дел
3. Обем на одржување
4. Организациска поставеност на службата за зимско одржување и обврски на учесниците
   4.1 Единици на локалната самоуправа
   4.2 Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата
   4.3 Советот на Општина Босилово
   4.4 Други учесници
5. Преглед на приоритетното чистење на локалните патишта и улици
6. Динамика и ниво на одржување
7. Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на Програмата
8. Извршување и надзор на Програмата
9. Јавни одредби

**ВОВЕД**

Зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Босилово е од големо значење за жителите од сите населени места, бидејќи со истото се овозможува непречен проток на сообраќајот во зимски услови, а тоа е неопходно за нормално функционирање на сите области од животот на жителите на општината.

Временските непогоди во зимскиот период од годината се најчеста причина за нарушување на нормалниот проток на сообраќај, особено при несоодветна подготовка на надлежните органи.

За реализација на оваа Програма неопходно е да се обезбеди одговорен однос од сите надлежни органи, а особено од општината, со што ќе се овозможат поприфатливи услови за сообраќајот и рационално и економично извршување на Програмата. А особено е значајно тоа што ќе се создадат потребните услови за непречено одвивање на стопанските и други дејности.

**1. Цел на Програмата**

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Босилово преку:

1. Одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
2. Дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализацијата на оваа Програма;
3. Дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

## 2. Општ дел

Со оваа програма се предвидува обемот, динамиката, начинот и одржувањето на локалните патишта и улици во Општина Босилово во зимски услови за 2024/2025 година.

Во оваа програма нема да биде опфатен магистралниот пат А-4 кој минува низ нашата општина, на потегот од с.Робово – с.Секирник и регионалниот пат Р-1302 на потег од границата помеѓу двете општини Босилово – Струмица до местото викано „Палазлија“, границата помеѓу општините Босилово – Берово, бидејќи надлежноста за зимско одржување на овие патишта е на Јавното претпријатие за државни патишта.

## 3. Обем на одржување

Обемот на одржување на улиците во населените места зависи од:

- густината на населението;
- фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
- видот и бројот на инфраструктурни објекти;
- коловозните ленти, како и улици за оспособување кои се со вкупна должина од 13,5 км. во 16 населени места;
- локални патишта за оспособување во вкупна должина од 44 км.

Расчистувањето на патиштата ќе се одвива по приоритетна листа.

## 4. Организациона поставеност на службата за зимско одржување и обврски на учесниците

Преку организационата поставеност на учесниците ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

### 4.1 Единиците на локалната самоуправа

- ја изготвува Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Босилово;
- склучува договори со фирма за реализирање на сите активности предвидени со Програмата;
- врши стручен надзор во извршување на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврски на учесниците;
- учествува во финансирање на активностите.

### 4.2 Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата

- ја реализира Програмата во целост;
- врши набавка и складирање на сол и песок-ризла, и се грижи за правилно и навремено расфрлање;
- организира редовна приправност со потребна опрема, алат резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација;
- врши посипување на сол и песок-ризла;
- го расчистува снегот од коловозните ленти во населените места;
- ги прочистува главните одводни пропусти за прифаќање на вишокот на вода од обилни врнежи на дожд и снег;
- врши сечење и отстранување на падните дрвја и гранки од коловозите и тротоарите.

### 4.3 Советот на Општина Босилово

- ја усвојува оваа Програма и
- го контролира извршувањето на оваа Програма.

### 4.4 Други учесници

- EVN Струмица ги расчистува нивните објекти и

електроинасталации од обилните снегови;

- T-Home ги расчистува нивните објекти и инсталации;
- претпријатијата, училиштата и граѓаните, сопствениците или корисници на згради и простории (продавници, самопослуги, ресторани, кафе барови и други) превземаат мерки за чистење на снегот пред нивните објекти;
- граѓаните, сопствениците на индивидуални стамбени објекти го чистат снегот од тротоарите и природните места пред своите стамбени објекти;
- СВР Струмица – Сообраќајната полиција го регулира и контролира сообраќајот на патиштата и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите учесници за реализација на оваа Програма, преку контакт телефони: 034/371-600 Општина Босилово; 078/497-346 Градоначалник на Општина Босилово и 070/275-897 Директор на ЈПКД „Огражден“ – Босилово.

**5. Преглед на приоритетното чистење на локалните патишта и улици**

За зимско одржување на улици во населбите и локалните патишта во Општина Босилово;

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците и локалните патишта во зимски услови при врнежи на снег и голомразица, потребно е зимско одржување;

Одржувањето ќе се одвива со машинско чистење на снегот од коловозот, расфрлање на сол и песок-ризла, а по отсранувањето на снегот, и рачно чистење на одредени места;

Според важноста на локалните патишта и улици интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите, можат да се поделат на II групи (приоритети) за одржување.

| Реден број | Вид на делница | Приоритет и опис на делницата | I-приоритет (км) | II-приоритет (км) | I и II приоритет вкупно (км) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Локален пат (асфалтиран) | I/Магистрален пат А-4- с.Иловица | 5.1 км | | |
| 2 | Локален пат (асфалтиран) | I/Магистрален пат А-4- с.Бориево-с.Моноспитово до граница со с.Муртино (општина Струмица) | 4.7 к | | |
| 3 | Локален пат (асфалтиран) | I/Магистрален пат А-4- с.Босилово-Регионален пат Р-1302 | 2.6 к | | |
| 4 | Локален пат (асфалтиран) | I/Магистрален пат А-4- с.Еднокуќево- с.Моноспитово | 3.8 к | | |
| 5 | Локален пат (асфалтиран) | I/Регионален пат Р-1302- с.Сарај-с.Гечерлија- Регионален пат Р-1302 | 6.6 к | | |
| 6 | Локален пат (асфалтиран) | I/Регионален пат Р-1302- с.Дрвош | 4.3 к | | |
| 7 | Локален пат (асфалтиран) | I/Регионален пат Р-1302- с.Ст.Балдовци-с.Радово | 4.1 к | | |
| 8 | Локален пат (асфалтиран) | I/с.Турново-с.Радово | 1.8 к | | |
| 9 | Локален пат (асфалтиран) | I/Дел од патот с.Моноспитово-с.Банско (општина Струмица) | 1.5 к | | |
| 10 | Локален пат (асфалтиран) | I/с.Бориево-с.Еднокуќево | 3.4 к | | |
| 11 | Локален пат (асфалтиран) | I/с.Бориево-с.Колешино до граница со О.Ново Село | 3.1 к | | |
| 12 | Локален пат (асфалтиран) | I/с.Босилово-с.Радово | 3.0 к | | |
| 13 | Улица (асфалтирана) | II/Две улици во с.Робово покрај училиштето | | | |
| 14 | Улица (асфалтирана) | II/ Магистрален пат А-4- училиште- Магистрален пат А-4-во с.Секирник | | | |
| 15 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Иловица- филтер станица с.Иловица | | | |
| 16 | Улица (асфалтирана) | II/Училиште-ромско маало с.Иловица | | | |
| 17 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Штука- училиште | | | |
| 18 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Радово-крај на село | | | |
| 19 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Бориево- живинарска фарма | | | |
| 20 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Еднокуќево- ромско маало | | | |
| 21 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Гечерлија- с.Чанаклија граница со (општина Василево) | | | |
| 22 | Улица (асфалтирана) | II/Обиколна улица во с.Сарај | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Дрвош-училиште | 0.15 км | |
| 24 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Дрвош-црквата | 0.15 км | |
| 25 | Улица (асфалтирана) | II/Обиколна улица во с.Петралинци | 0.5 км | |
| 26 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Моноспитово-средна маала | 0.4 км | |
| 27 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Моноспитово-чифлик маала | 0.8 км | |
| 28 | Улица (асфалтирана) | II/Центар на с.Сарај-крај на село | 0.2 км | |
| 29 | Улица (асфалтирана) | II/Главна улица-средна улица во с.Сарај | 0.2 км | |
| 30 | Улица (асфалтирана) | II/Главна улица-средна улица во с.Дрвош | 0.1 км | |
| 31 | Улица (асфалтирана) | II/сред село с.Секирник-крај на село | 0.25 км | |
| 32 | Улица (асфалтирана) | II/ул.Гоце Делчев-с.Босилово | 0.3 км | |
| 33 | Улица (асфалтирана) | II/ул.Чифлик-с.Моноспитово | 0.25 км | |
| 34 | Улица (асфалтирана) | II/улица која ги поврзува средна маала и чифлик маала-с.Моноспитово | 0.2 км | |
| 35 | Улица (асфалтирана) | II/улица кај Болница-с.Босилово-спој со А-4 | 0.05 км | |
| 36 | Улица (асфалтирана) | II/ул.Сирница-с.Иловица | 0.5 км | |
| 37 | Улица (асфалтирана) | II/с.Робово-спој со А-4 | 0.3 км | |
| 38 | Улица (асфалтирана) | II/гробишта-чешма-с.Робово | 0.2 км | |
| 39 | Улица (асфалтирана) | II/улица покрај Училиштето-с.Сарај | 0,15 км | |
| 40 | Улица (асфалтирана) | II/спој со А-4-с.Босилово | 0.2 км | |
| 41 | Улица (асфалтирана) | II/спој со А-4-с.Босилово | 0.1 км | |
| 42 | Улица (асфалтирана) | II/улица во Моноспитово покрај Дрвошанов Јосе | 0.15 км | |
| 43 | Улица (асфалтирана) | II/улица во Моноспитово покрај Танев Бранко | 0.17 км | |
| 44. | Улица (асфалтирана) | II/улица во Моноспитово од Ристо Попов до Борче Пенев | 0.25 км | |
| 45 | Улица (асфалтирана) | II/улица во Моноспитово од Ѓорги Христов до Танчеви | 0.6 км | |
| 46 | Улица (асфалтирана) | II/пат Еднокуќево-Муртино спој со авто лимар Гиш, улица | 0.15 км | |
| 47 | Улица (асфалтирана) | II/улица на излез од Робово спрема Муртино од десна страна до последна куќа | 0.4 км | |
| 48 | Улица (асфалтирана) | II/улица во Петралинци спроти училиште до излез на село | 0.8 км | |
| 49 | Улица (асфалтирана) | II/улица во Босилово од Панина Чешма до излез на село | 0.2 км | |
| 50 | **Вкупно** | | | **44 к** |

6. **Динамика и ниво на одржување**

Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- Прва состојба на готовност – е состојба на присуство на големразица и снежни врнежи до 20 см.
- Втора состојба на готовност – е состојба на присуство на снежни врнежи над 20 см.
- Оспособувањето на коловозите во прва и втора состојба на готовност го врши ЈПКД „Огражден“ – Босилово со кое Општина Босилово има склучено договор.
- Начинот на организација го врши директорот на ЈПКД „Огражден“ – Босилово по наредба на Градоначалникот на Општина Босилово.

7. **Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на Програмата**

Финансирањето за активностите предвидени со оваа Програма се врши од средствата на Јавното претпријатие за државни патишта специјално наменети за зимско одржување на локални патишта и улици.

Се задолжува ЈПКД „Огражден“ – Босилово, веднаш да изврши набавка за 2000 кг. сол и 50 м3 песок.

**8. Извршување и надзор на Програмата**

Извршување на Програмата врши Општина Босилово преку ЈПКД „Огражден“ – Босилово.

Надзор над извршување на Програмата врши Градоначалникот на Општина Босилово и Советот на Општина Босилово.

**9. Јавни одредби**

Оваа Програма влегува во сила веднаш по усвојувањето од Советот на Општина Босилово, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Босилово.“

Бр.08-2243/1 Совет на Општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2244/1 за прифаќање на донација за „Уредување –реконструкција на мултифункционален терен за ракомет,фудбал и кошарка во ООУ „Борис Трајковски“-Моноспитово“ ,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2264/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на донација за**

**„Уредување – реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка во ООУ Борис Трајковски с. Моноспитово„**

Член 1

Општина Босилово ја прифаќа донацијата за реализација на проектот „Уредување – реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка во ООУ „Борис Трајковски“- с. Моноспитово“.

Член 2

Проектот ќе се реализира со донација од страна на Државната видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје.

Член 3

Опремата за уредување – реконструкција на мултифункционалниот терен ќе се состои од:

- Гумена подлога – тартан
- Метална ограда
- Голови
- Табли за кош

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2244/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“

бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2245/1 за доделување на финансиски средства на лицето Стефка Стојчева од с.Сушица како помош за лекување на најзината ќерка Сара Стојчева,во висина од 20.000 денари,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2265/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на лицето Стефка Стојчева од с.Сушица како помош за лекување на нејзината ќерка Сара Стојчева ,во висина од 20.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на лицето Стефка Стојчева од с.Сушица како помош за лекување на нејзината ќерка Сара Стојчева ,во висина од 20.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2245/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2246/1 за доделување на финансиски средства на лицето Ирена Танчева од с.Бориево,бр.26 како помош за лекарски преглед,во висина од 20.000 денари,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2266/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на лицето Ирена Танчева од с.Бориево бр.26 како помош за лекарски преглед ,во износ од 20.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на лицето Ирена Танчева од с.Бориево бр.26 како помош за лекарски преглед ,во износ од 20.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2246/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,

Б о с и л о в о          Мито  Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член  81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на  Одлуката бр.08-2247/1 за  доделување на финансиски средства на лицето  Рената Атанасова од Струмица,ул.„Панче Пешев“ бр.60,како спонзорство за издавање на книга,во висина од 12.000 денари,донесена на педесеттата  седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2267/1             Општина Босилово
12.11.2024 година   Градоначалник,
Б о с и л о в о          Ристо Манчев  с.р.

Врз  основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на лицето Рената Атанасова од Струмица,ул.„Панче Пешев’“ бр.60,ако спонзорство за издавање на книга ,во износ од 12.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства  на лицето Рената Атанасова од Струмица,ул.„Панче Пешев“бр.60 како спонзорство за издавање на книга ,во износ од 12.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2247/1  Совет на општина Босилово
12.11.2024 година       Претседател,
Б о с и л о в о           Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член  81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на  Одлуката бр.08-2248/1 за  доделување на финансиски средства на лицето  Сократ Пандев од с.Турново бр.147,како  спонзорство за организација на „Сточарска вечер 2024 година “,во износ од 10.000 денари,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден  12.11.2024 година.

Бр.09-2268/1             Општина Босилово
12.11.2024 година   Градоначалник,
Б о с и л о в о          Ристо Манчев  с.р.

Врз  основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на лицето Сократ Пандев од с.Турново бр.147 како спонзорство за организација на Сточарска вечер што ќе се одржи на 8 декември 2024 година ,во износ од 10.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства  на лицето  лицето  Сократ  Пандев  од

с.Турново бр.147 како спонзорство за организација на Сточарска вечер што ќе се одржи на 8 декември 2024 година,во износ од 10.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2248/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2249/1 за доделување на финансиски средства на лицето Петре Ангелов од с.Босилово бр.81,како спонзорство за организација на „Гулабарска вечер 2024 година “,на ден 12.11.2024 година,во износ од 10.000 денари,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2269/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

О Д Л У К А

**За доделување на финансиски средства на лицето Петре Ангелов од с.Босилово бр.81 како спонзорство за организација на „Гулабарската вечер“ на ден 12.11.2024 година ,во износ од 10.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на лицето лицето Петре Ангелов од с.Босилово бр.81 како спонзорство за организација на „Гулабарската вечер“ на ден 12.11.2024 година,во износ од 10.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2249/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2250/1 за доделување на финансиски средства на лицето Измит Шабанов од с.Еднокуќево бр.88,како помош за хируршки зафат во Штип,во износ од 20.000 денари,донесена на педесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.11.2024 година.

Бр.09-2270/1 Општина Босилово
12.11.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.11.2024 година,донесе:

## О Д Л У К А

**За доделување на финансиски средства на лицето Измит Шабанов од с.Еднокуќево бр.88 како помош за хируршки зафат во Штип ,во износ од 20.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на лицето лицето Измит Шабанов од с.Еднокуќево бр.88 како помош за хируршки зафат во Штип ,во износ од 20.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2250/1 Совет на општина Босилово
12.11.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2 во врска со член 33 став 2, 5, и 6 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр.64/05, 04/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр.151/21), Советот на о Босилово на 45-та седница одржана на ден 15.10.2024 година.

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БОСИЛОВО**

**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БОСИЛОВО за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -200.000 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -100.000 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -50.000 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -50.000 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Босилово и стану составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Бр. 08-1983/1
15.10.2024

Претседател на Сове
Општината
**МИТО АНДОНОВ**

Согласно чл.135, од Законот за градење (Сл.весник на бр.130/2009,124/10,18/11,36/11,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14, 49/14 и 44/15) со оваа Решение, градежниот инспектор МУ НАРЕДУВА на инвеститорот отстранување на градбата, бидејки градбата е изградена без Решение за изведба. Согласно чл.137 став 4 од истиот закон Жалбата изјавена против Решението на општинскиот градежен инспектор, не го одлага извршувањето на решението.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа решение недоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на решението преку овој орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, таксирана со 250 ден.административна такса,согласно Законот за административни такси (Сл.весник на РМ бр.64/04 тарифен број 2)

Таксата се плаќа на Трзорска сметка на НБРМ бр.100000000063095, уплатна сметка 840-106-03182,приходна шифра 72231500 со цел на дознаката административни такси.

**Решено во Одделението за инспекциски надзор при општина Босилово под број ИП1 бр.12-62 од 05.09.2024 година.**

М.П.

**Општина Босилово**
**Општински градежен инспектор**
**Службена легитимација број**
**35-0003**
**д.и.а.Иван Трајков**